**О П Ш Т И Н А Д Е Л Ч Е В О**
**Ул:,,Светозар Марковиќ,, бр. 1, Делчево**
**тел: 033/411 550 факс: 033/411 550**
**E-mail:info@delcevo.gov.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

## Број 9
**11.07. 2018 година**

**Службен гласник на Општина Делчево** **Уредува**
**Излегува по потреба**
**Одделение за**
**Гласникот е бесплатен** **правни и општи работи и јавни дејности**

**Јули, 2018**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево (“Сл. гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 11.07. 2018 година, донесе**

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на акти од 11. седница на**

**Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Службен гласник на општина Делчево„ актите што Советот на општина Делчево ги донесе на 11. Седница која се одржа на ден 10.07.2018 година и тоа:

1. Одлука за продолжување со работа на Локалниот историски,археолошки,етнолошки и природно-научен Музеј на град Делчево-Пијанец;
2. Одлука за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;
3. Решение за разрешување на член на Комисијата за доделување на општински награди и признанија;
4. Решение за именување на член на Комисијата за доделување на општински награди и признанија;
5. Одлука за давање согласност на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици.
6. Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење за изградба на придружни и услужни објекти на гробишта – мртовечница – капела со ладилник и помошни простории на КП бр.6065 во КО Делчево, општина Делчево;
7. Одлука за дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година;
8. Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за усогласување на профилот на градска магистрална улица (Магистрален пат А3) со профилот за градска магистрална улица предвиден во Измена и дополна на Генерален урбанистички план (ГУП) Делчево бр.07-702/1 од 14.11.2008 за град Делчево;
9. Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за усогласување на профилот на улица-делница од Регионален пат кон Пехчево Р1302, предвидена со Измена и дополна на Детален урбанистички план за локалитет-Грамадна Делчево бр.07-250 од 31.03.2003 година, со профилот за собирна улица 3-3 (делница од Регионален пат кон Пехчево Р1302) предвиден во Измена и дополна на Генерален урбанистички план (ГУП) Делчево бр.07-702/1 одф 14.11.2008 за град Делчево;
10. Одлука за одобрување на финансиски придонес од буџетот на општина Делчево за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево-Дестинација по мерка на туристите“;
11. Одлука за поддршка и ко-финасирање на проектот: "Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА“ со ладилник и помошни простории“ во Делчево, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево„.

**Број 08- 1173/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**11.07.2018 год.** **Градоначалник,**

**Д е л ч е в о** **Горан Трајковски с.р**

**Врз основа на член 14 став 3,член 15 и 18 од Законот за установите („Сл.весник на РМ“бр.32/05),член 10 став 1 од Законот за музеите („Сл.весник на РМ“ бр.66/04), а согласно Одлуката за основање на локален музеј на Општина Делчево бр.07-1450/1 од 08.10.2007 година и согласно член 8 став 1од Актот за основање на Музеј на град Делчево-Пијанец бр.07-51/1 од 28.01.2009 година, Советот на Општина Делчево, на својата Единаесетта седница одржана на ден 10.07.2018 година донесе**

## О Д Л У К А

### За продолжување со работа на Локален историски,археолошки,етнолошки и природно-научен "Музеј на град Делчево - Пијанец"

Член 1

Локалниот историски,археолошки,етнолошки и природно-научен Музеј на град Делчево-Пијанец да продолжи со работа бидејќи се обезбедени законските услови за продолжување со работа на Музејот.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука,престанува да важи Одлуката за престанок на работата на Локалниот историски, археолошки, етнолошки и природно-научен Музеј на град Делчево-Пијанец број 07-608/1 од 25.09.2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на нејзиното објавување во Службен гласник на Општина Делчево и ќе биде основ за продолжување со редовна работа на Локалниот историски,археолошки,етнолошки и природно-научен "Музеј на град Делчево-Пијанец", кој е запишан во Централниот регистар на Р.Македонија под ЕМБС6459080.

**Бр.09- 1159/1** **Совет на Општина Делчево**

**10.07. 2018 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски с.р**

Врз основа на член 41 став 5 и 7 од Законот за основното образование-Консолидиран текст („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017),член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 11.редовна седница, одржана на ден 10.07. 2018 година, донесе

## ОДЛУКА

### за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево

### за формирање паралелки со помал

### број на ученици

Член 1

Заради намален број на ученици запишани во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево, во учебната 2018-2019, Советот на Општина Делчево дава согласност за формирање на парелелки со помал број на ученици од

законски утврдениот број -24 и тоа:

| Основно училиште | Паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | I 1 | 18 |
| | I 2 | 18 |
| | I 3 | 17 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | II 1 | 17 |
| | II 2 | 17 |
| | II 3 | 18 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | III 1 | 28 |
| | III2 | 29 |
| | III 3 | 13 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | IV 1 | 23 |
| | IV 2 | 20 |
| | IV 3 | 17 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | V 1 | 25 |
| | V 2 | 25 |
| | V 3 | 21 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | VI 1 | 14 |
| | VI 2 | 14 |
| | VI 3 | 13 |
| | VI 4 | 13 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | VII 1 | 16 |
| | VII 2 | 21 |
| | VII 3 | 17 |
| | VII 4 | 17 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | VIII 1 | 14 |

| | | |
|---|---|---|
| | VIII 2 | 14 |
| | VIII 3 | 13 |
| | VIII 4 | 15 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | IX 1 | 22 |
| | IX 2 | 20 |
| | IX 3 | 17 |
| | IX 4 | 15 |
| ПУ „Ванчо Прке“ - Ѕвегор | Комбинирана (I, III) | 5 |
| | II | 3 |
| | V | 5 |
| ПУ Ванчо Прке - Габрово | I | 6 |
| | II | 3 |
| | III | 0 |
| | IV | 6 |
| | V | 3 |

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09-1160/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**10.07.2018 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Маневски с.р**

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево„ бр.15/2013), а согласно Оставката поднесена од страна на Миле Ѓорѓијоски број 09-1022/1 од 18.06.2018 година, Советот на Општина Делчево, на својата 11. седница, одржана на ден 10.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на член на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево**

I.Се разрешува Миле Ѓорѓијоски од член на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево.

II.Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево„.

**Број 09-1161/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**10.07.2018 година** **Претседател**
**Делчево** **Драган Маневски с.р**

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево„ бр.15/20013), а согласно Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево, бр.09-166/1 од 30.01.2018 година, Советот на Општина Делчево, на својата 11. седница, одржана на ден 10.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на член на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево**

1.За член на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево се именува:
- Зенил Реџепов, од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници.

2.Мандатот на членот на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево трае до истекот на мандатот на Комисијата заклучно со 23.02.2019.

3.Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево„.

**Број 09- 1162/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**10.07.2018 година** **Претседател**
**Делчево** **Драган Маневски с.р**

Врз основа на член 41 став 5 и 7 од Законот за основното образование-Консолидиран текст („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017),член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 11.редовна седница, одржана на ден 10.07. 2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на согласносот за формирање на паралелки со помал број на ученици на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево**

Член 1

Се дава согласност за формирање на **чисти паралелки** од 1 до 9 одделние, со помалку од 24 ученици на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево во учебната 2018/19 година, дадени во ***Преглед 1*** и тоа:

- **Во ООУ„Св.Климент Охридски"-Делчево**, Централно Општинско Училиште (ЦОУ) се формираат по 3(три) паралелки во I, II, III, IV, V,VI, VII, VIII и IX одделние, односно вкупно **27(дваесет и седум)** паралелки од I до IX одделение;
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште (ПУ) с. **Стамер** се формира 1 (една) паралелка во I одделение, или **вкупно 1 (една) паралелка.**
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште (ПУ) **с.Град** се формира 1(една) паралелка во I одделение и по 1 (една) паралелка во одделение VI, VII, VIII и IX одделение, или вкупно **5 (пет) паралелки.**
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште(ПУ) **с.Тработивиште** се формира 1 (една) паралелка во I одделение и по 1 (една) паралелка во VI, VII, VIII и IX одделение, или вкупно **5 (пет) паралелки**.
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево,Подрачно училиште(ПУ) **с.Разловци** се формира по 1(една) паралелка во I, IV, V,VI, VII, VIII и IX одделение или вкупно **7 (седум) паралелки.**
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште(ПУ) **с.Вирче** се формира по 1(една) паралелка во IV и V одделение, или вкупно **2 (две) паралелки**.

Член 2

Се дава согласност за формирање на паралелки за ученици со **посебни потреби**, од 1-9 одделение, во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево во учебната 2018/19 година, дадени во ***Преглед 1-А*** и тоа:

- **Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево**, Централно Општинско Училиште(ЦОУ) се формираат по 1(една) паралелка во IV VI, VII, VIII и IX одделение, односно вкупно **5 (пет)** паралелки од I до и IX одделение;

Член 3

Се дава согласност за формирање на **комбинирани паралелки**, од 1-5 одделение, во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево во учебната 2018/19 година и тоа:

- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште (ПУ) с. **Стамер** се формира 1 (една) комбинирана паралелка во II и III, одделение и 1 (една) паралелка во IV и V одделение, односно вкупно **2 паралелки**.
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште(ПУ) **с.Град** се формира по 1(една) комбинирана паралелка во II и III, одделение и 1 (една) паралелка во IV и V одделение, односно вкупно **2 паралелки**.
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште(ПУ) **с.Тработивиште** се формира по 1(една) комбинирана паралелка во II и III одделение и 1 (една) паралелка во IV и V одделение, односно вкупно **2 паралелки**.
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште(ПУ) **с.Разловци** се формира 1(една) паралелка во II и III одделение.
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште(ПУ) **с.Вирче** се формира 1(една) паралелка во II и III одделение, вкупно 1 (една) паралелка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 1163/1** **Совет на општина Делчево**
**10.07.2018 год.** **Претседател**
**Делчево** **Драган Маневски с.р**

**Врз основа на член 94 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16"), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и**

**начинот на уредување на висината за трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденоста („Службен весник на РМ бр.193/2016 и 72/2018“), член 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002“), член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/13), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 10.07.2018 година, донесе**

**ОДЛУКА**

**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење за изградба на придружни и услужни објекти на гробишта – мртовечница – капела со ладилник и помошни простории на КП бр.6065 во КО Делчево, општина Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште инвеститорот Општина Делчево, за добивање на одобрение за градење за изградба придружни и услужни објекти на гробишта – мртовечница – капела со ладилник и помошни простории на КП бр.6065 во КО Делчево, општина Делчево.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09- 1164/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**10.07.2018 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски с.р**

**Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник бр.199/14;44/15,193/15,31/16,163/16, 164/17 и 191 / 17 ) член 11 став 1 и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 11. седница одржана на ден 10.07. 2018 година, донесе**

**ОДЛУКА**

**за дополна на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2018**

Член 1

Со оваа Одлука се врши дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година, донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-144/1 од 30.01.2018 година.

Член 2

Во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-144/1 од 30.01.2018 година се врши следната

дополна:

Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево“,по точката 12 се додава една нова точка – точка 13, која гласи : Измена и дополнување на Детален урбанистички план за локалитет „Грамадна,“ - Делчево -измена и дополна на дел блок 1,5 од УЕ 1 – од Измена и дополна на Генерален урбанистички план ( ГУП) Делчево бр. 07-702/1 од 14.11.2008 година.

Член 3

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

- од запад кон север од кружна крстосница планирана со ГУП по осовина на градска магистрална улица – (магистрален пат –А 3 ) по северна граница на ГУП до северна граница на к.п. бр.8840/1 КО Делчево, до северозападна граница на к.п. бр 8841 /1 КО Делчево,по југозападна граница на к.п. бр.5995 КО Делчево, до спој со осовина на новопланирана сервисна улица.

-од север кон југ по осовина на новопланирана сервисна улица до вкрстување со собирна улица 3-3 (делница од регионален пат кон Пехчево Р1302).

- од исток кон запад по осовина на собирна улица 3-3 ( делница од регионален пат кон Пехчево Р1302 ) до спој со планирана кружна крстосница.

Член 4

Одлуката за прифаќање на дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година е составен дел на Програмата за урбанистички на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година, донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-144/1 од 30.01.2018 година.

Член 5

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива.

Член 6

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09 – 1165/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**10.07.2018 год.** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски с.р**

**Врз основа на член 52 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( „Службен весник на РМ“ 199/2015 ), член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Советот на општина Делчево, на својата 11. редовна седница, одржана на ден 10.07.2018 година донесе**

**ОДЛУКА**

**за изработка на Урбанистичко проектна документација –Проект за инфраструктура за усогласување на профилот на градска магистрална улица – (магистрален пат А 3 )- со профилот за градска магистрална улица предвиден во Измена и дополна на Генерален урбанистички план ( ГУП) Делчево бр. 07-702/1 од 14.11.2008 г. за град Делчево**

Член 1

Оваа Одлука се однесува на Урбанистичко проектна документација – Проект за инфраструктура за усогласување на профилот на градска магистрална улица (магистрален пат А 3 ) со профилот за градска магистрална улица предвиден во Измена и дополна на Генерален урбанистички план ( ГУП) Делчево бр. 07-702/1 од 14.11.2008 година за град Делчево во опфат од запад кон север, од кружна крстосница планирана со ГУП по осовина на градска магистрална улица (магистрален пат А 3 ) до северна граница на к.п. бр. 8825 К.О. Делчево.

Член 2

Потребата за изработка – Проект за инфраструктура за усогласување на профилот на градска магистрална улица – (магистрален пат –А 3 )-е потребата за усогласување на постоечката со планираната сообраќајна мрежа и непречено реализирање на предвидените активности на Градоначалникот на Општина Делчево .

Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива .

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09 – 1166/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**10.07. 2018год.** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски с.р**

**Врз основа на член 52 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( „Службен весник на РМ“ 199/2015 ), член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Советот на општина Делчево, на својата 11. редовна седница, одржана на ден 10.07.2018 година, донесе**

**ОДЛУКА**

**за изработка на Урбанистичко проектна документација –Проект за инфраструктура за усогласување на профилот на улица - делница од регионален пат кон Пехчево Р1302 , предвидена со Измена и дополна на Детален урбанистички план за локалитет – Грамадна Делчево 07-250 од 31.03.2003 година , со профилот за собирна улица 3-3 ( делница од регионален пат кон Пехчево Р1302 )предвиден во Измена и дополна на Генерален урбанистички план ( ГУП) Делчево бр. 07-702/1 од 14.11.2008 година за град Делчево**

Член 1

Оваа Одлука се однесува на Урбанистичко проектна документација – Проект за инфраструктура за усогласување на профилот на улица - делница од регионален пат кон Пехчево Р1302, предвидена со Измена и дополна на Детален урбанистички план за локалитет – Грамадна Делчево бр. 07-250 од 31.03.2003 година, со профилот за собирна улица 3-3 ( делница од регионален пат кон Пехчево Р1302) предвиден во Измена и дополна

на Генерален урбанистички план ( ГУП) Делчево бр. 07-702/1 од 14.11.2008 година за град Делчево, во опфат-(должина) од запад кон исток, од планирана кружна крстосница со ГУП, по осовина на собирна улица 3- 3 до планирана крстосница со ГУП (спој на собирна 3-3 и сервисна улица ).

Член 2

Потребата за изработка – Проект за инфраструктура за усогласување на профилот за собирна улица 3-3 ( делница од регионален пат кон Пехчево Р1302 ) е потребата за усогласување на постоечката со планираната сообраќајна мрежа и непречено реализирање на предвидените активности на Градоначалникот на Општина Делчево .

Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива .

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09 – 1167/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**10.07. 2018 год.** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски с.р**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со повикот на Светска банка- Проект за локална и регионална конкурентност (LRCP) Советот на Општина Делчево на својата 11. седница одржана на ден 10.07.2018 година, донесе**

**ОДЛУКА**

**за одобрување на финансиски придонес од буџетот на општина Делчево за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево – Дестинација по мерка на туристите"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски придонес, кофинансирање од страна на општина Делчево за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево – Дестинација по мерка на туристите" .

**Член 2**

Финансискиот придонес – кофинансирање од страна на општина Делчево за спроведување на потпроектот „Малешево – Дестинација по мерка на туристите" изнесува 16% од вкупната вредност на потпроектот.

**Член 3**

Носител на потпроектот е општина Берово, а партнери во спроведувањето на истиот се Општина Пехчево, Општина Делчево и Здружение Центар за развој и промоција – Промо Идеја, Струмица.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Делчево “.

**Број 09- 1168/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**10.07. 2018 година** **Претседател,**

**Д е л ч е в о** **Драган Маневски с.р**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/02), а во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Советот на Општина Делчево на својата 11. Седница одржана на ден 10.07. 2018 година, донесе**

## О Д Л У К А
## за поддршка и ко-финасирање на проектот: "Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА“ со ладилник и помошни простории“ во Делчево, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност

### Член 1
Со оваа Одлука се дава поддршка и согласност на општина Делчево да учествува во кофинсирањето на проектот "Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА“ со ладилник и помошни простории“ во Делчево, општина Делчево".

### Член 2
Проектот "Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА“ со ладилник и помошни простории“ во Делчево, општина Делчево ќе се имплементира преку Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност во рамки на Министерството за финансии на Република Македонија, Влада на Република Македонија.

### Член 3
Износот на Грантот за успешност е во зависност од вредноста на успешно реализираните под-заеми за имплементација на проектот:

- Доградба на детска градинка „Весели цветови“ во Делчево

### Член 4
Вкупната вредност на проектот – 7.364.136,11 МКД со вклучен ДДВ, Грант средства кои се обезбедени од Компонента В: Грантови за успешност се во висина од 1.852.635,00 МКД, средства во висина од 5.178.026.8 ќе бидат обезбедени од буџетот на општина Делчево за 2018 година.

### Член 5
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 09- 1169/1 Претседател

10.07..2018 Драган Маневски с.р